РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup
Бр. / Nr. 01-41/3
23-01-2025 20 год. / viti

Врз основа член 16 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19 и 272/24), Инспекцискиот совет на 396-та редовна седница, одржана на 23.01.2025 година донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ ЗА 2025 ГОДИНА

1.Во Годишниот план за работа на Инспекцискиот совет за 2025 година бр. 01-1124/1 од 04.12.2024 година, главата IV БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ, се менува и гласи:

IV. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во 2025 година Инспекциски совет ќе располага со буџет од 35.353.000,00 денари, распределен на соодветни групи на расходи прказжани во Табела 2.

Одобрените средства ќе бидат доволни за реализирање на надлежностите на Советот, кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор ("СВРСМ" бр.102/19), а во најголем дел се однесуваат на одржување и надградување на платформата за е-учење ЛМС и одржување и надградување на системот е-инспектор.

Табела 1 Буџет на Инспекциски совет за 2025 година

| Ред.бр. | Опис | Расходи од Буџет |
|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци | 26.487.000,00 |
| 2. | Стоки и услуги | 6.216.000,00 |
| 3. | Капитални расходи | 2.650.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **35.353.000,00** |

2. Во Годишниот план за работа на Инспекцискиот совет за 2025 година бр. 01-1124/1 од 04.12.2024 година, во насловот на Прилог 1 од Годишниот план за работа на Инспекцискиот совет за 2025 година, бројот "2024" се заменува со бројот "2025".

3. Во Годишниот план за работа на Инспекцискиот совет за 2025 година бр. 01-1124/1 од 04.12.2024 година, во целиот текст на Годишниот план за работа на Инскцискиот совет за 2025 година секаде каде што е цитиран Службениот весник на Законот за инспекциски надзор после бројот "102/19" се додава "и 272/24".

4.Овој план влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска